OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 01 март 2016

## СПЕЦИЈАЛНА ПОНУДА ОД ОХРИДСКА БАНКА СОСИЕТЕ ЖЕНЕРАЛ ЗА СИТЕ ПОСЕТИТЕЛИ НА САЕМОТ НА ГРАДЕЖНИШТВО 2016

**Охридска банка Сосиете Женерал е присутна со штанд на Саемот на градежништво 2016, каде што заинтересираните посетители ќе можат да добијат дополнителни информации за специјалната понуда на банката.**

Охридска банка Сосиете Женерал подготви промотивна понуда за сите посетители на Саемот на градежништво 2016 кои ќе можат да аплицираат за станбен кредит по најповолни услови. Понудата е валидна до 31 март 2016 година. За време на овој период, станбениот кредит со кредитно животно осигурување од Охридска банка Сосиете Женерал, наменет за купување, изградба или за реновирање недвижен имот е со исклучителна **каматна стапка од 4,25%, фиксна за првите три години и без административен трошок за одобрување на кредитот.** При апликацијата за кредит, потребно е клиентите да го приложат промотивниот саемски леток во експозитурите на Охридска банка Сосиете Женерал.

Клиентите што аплицираат за станбен кредит со кредитно животно осигурување имаат можност да изберат меѓу **основниот пакет на осигурување**, со кој за **0,44% осигурителна премија**, се покрива ризикот од смрт како резултат на несреќа и **целосниот пакет за кредитно животно осигурување**, со кој за **0,85% годишна осигурителна премија**, се покрива ризикот од смрт како резултат на несреќа и на болест, како и ризикот од трајна и целосна загуба на способноста како резултат на несреќа.

На штандот на Охридска банка Сосиете Женерал ќе присуствуваат претставници од банката кои ќе им бидат на располагање на сите посетители заинтересирани за дополнителни информации во врска со станбениот кредит, помош при пресметки и поднесување барање за кредит.

Охридска банка дејствува во согласност со високите стандарди на групацијата Сосиете Женерал, кои меѓу другото се однесуваат и на фер и транспарентен однос кон клиентите. Фактот што повеќе од 150 години, над 30 милиони клиенти од повеќе од 76 земји ѝ ја подариле довербата на оваа банка е силно уверување за стабилноста на Сосиете Женерал и сите нејзини подружници ширум светот.

Каматната стапка е фиксна за првите 3 години, а СВТ изнесува 4,80%. По изминувањето на првите три години, каматната стапка е променлива по одлука на Банката, и во моментов изнесува од 5,95%, а СВТ изнесува од 6,59%. Информациите во врска со покриените ризици за кредитно животно осигурување се содржани во Општите услови на Мастер-полисата 0001. Условите се валидни од 1.3.2016 г. до 31.3.2016 г.

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ**
ЕЛЕНА ГЛИГОРОВСКА
+389 2 3167 709

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3167 649

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013